Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

# **период април-јуни 2023 година**

Скопје, јули 2023 година

# 74

физички и правни лица поднеле
претставка до КСЗД за заштита
од дискриминација

# 13

случаи на утврдена
дискриминација во периодот од
април до јуни 2023 година

# ПРЕТСТАВКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во вториот квартал на 2023 година, до КСЗД се доставени 74 претставки, и тоа 56 од физички лица и 18 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2022 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 8,82%.




Од подносителите физички лица 16 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 23 (57,50%) биле мажи и 17 (42,50%) биле жени.




Во однос на националната припадност, 24 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 19 биле Македонци, 5 Срби, 3 Роми, 2 Албанци, 1 Влав и 1 Турчин. До КСЗД е доставена и 1 претставка од граѓанин кои се изјаснил за друга припадност - Грчка.




Во поглед на возраста, најмногу претставки биле поднесени од граѓани на возраст 31-40 години и 41-50 години. Потоа следат поднесоците од граѓани на возраст 51-60 години, 61-70 години и 21-30 години.
Податок за нивната возраст не доставиле 15 подносители на претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




36 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 7 од Прилеп
- 3 од Битола и Охрид
- 2 од Боговиње, Велес, Делчево, Илинден, Кичево, Кочани и Радовиш
- по 1 претставка од општините Демир Хисар, Кратово, Куманово, Неготино, Чучер Сандево и Штип
- 3 од ГО со седиште во Брисел
- 1 подносител од Република Србија и 1 подносител од Босна и Херцеговина.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ НА 2023




Во второто тримесечје на 2023 година, КСЗД одлучуваше по вкупно 80 предмети за заштита од дискриминација (79 претставки и 1 постапка по службена должност).

Донесени се 42 мислења од кои во 13 случаи се утврди дискриминација, а во 29 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало по 38 претставки.

Заклучно со 30 јуни 2023 година, за 79 претставки постапувањето, односно одлучувањето на КСЗД е во тек.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директна дискриминација е најчеста и утврдена е во 7 случаи. Индиректна дискриминација е утврдена во 4, вознемирување во 6 и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во 1 случај.

Во 10 од случаите КСЗД утврди дека дискриминацијата е од потежок облик, и тоа: интерсекциска во 2 случаи, продолжена дискриминација во 6 случаи и повеќекратна дискриминација во 2 случаи.

## Основи на утврдена дискриминација




Во 13-те случаи на дискриминација, КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 11 различни основи. Сексуална ориентација е најчеста утврдена основа на дискриминација во вториот квартал на 2023 година. Потоа следат основите: родов идентитет, возраст, лично својство и општествен статус, етничка припадност, припадност на маргинализирана група, попреченост, јазик, образование и здравствена состојба и друга основа (место на живеење). Во 7 случаи дискриминацијата била сторена врз повеќе основи.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во вториот квартал на 2023 година, биле утврдени во областа на јавно информирање и медиуми во форма на вознемирувачки говор, од кои 5 на социјалните мрежи и 1 на ТВ емисија. КСЗД утврди дискриминација и во областите пристап до добра и услуги, образование, наука и спорт и работата и работните односи.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**КСЗД поттикна измени на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одигра значајна улога во измените на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта. Со овие законски решенија им се овозможи на лицата кои не поседуваат имот или немаат можност да обезбедат докази за сопственоста на имотот или договор за закуп и поради тоа останува без пријавена адреса за живеење, а со тоа и без лична карта, да си го решат ова прашање. Претходно, постапувајќи по поднесена претставка против Министерството за внатрешни работи, за сторена дискриминација врз основа на имотен статус и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење, со кое се утврдува индиректна дискриминација врз основа на имотна состојба и социјално потекло во областа на правосудство и управа сторено од страна на МВР како предлагач и спроведувач на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето и донесе препорака, Министерството за внатрешни работи во најкраток рок, а не подоцна од три месеци да предложи законски измени и дополнувања на Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, кои ќе овозможат пријавување на живеалиште/престојувалиште на лицата кои не поседуваат имот, ниту имаат имот под закуп. Со измените на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта, Комисијата утврди дека Министерството за внатрешни работи ја исполни препораката, а со тоа се направи чекор напред кон поеднакво општество за сите граѓани.

**Дискриминација и виктимизација врз основа на бременост, пол и лично својство извршена од Меѓународна граѓанска организација**

Во специфичен случај, кога за дискриминација беше посочена Меѓународна граѓанска организација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди интерсекциска директна дискриминација и виктимизација врз основа на бременост, пол и лично својство во областа на работата и работните односи. Подносителката пријави дискриминација, дискриминаторски практики или навредлив јазик и тврдеше дека била мета на регионалната директорка со исклучување од задачи, настани, одговорности и одлуки поврзани со нејзината позиција, а кое резултирало со непродолжување на договорот за вработување, додека била во поодмината фаза од бременоста. Комисијата, по утврдување на дискриминација, препорача, дискриминаторите во иднина да се воздржуваат од практики што продуцираат нееднаков третман и дискриминација на вработените по основ на пол, бременост и лично својство или било која друга дискриминаторска основа при остварувањето на нивните права од работен однос и да ја почитуваат и применуваат законски загарантираната заштита од дискриминација по основ на бременост, раѓање и мајчинство. Се препорача и да се воздржуваат од практики што продуцираат виктимизација кон вработените кои побарале заштита од дискриминација.

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk